Врз основа на член 29 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.12.2006 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ДАДЕНАТА ИНФОРМАЦИЈА ОД ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации.

Член 2

(1) Барателот на информација за добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата плаќа надоместок.

(2) Надоместокот за дадената информација, во вид опишан во ставот 1 на овој член, изнесува:

- за умножување на еден лист, А-4 формат - 1 денар,
- за печатење во една боја, на еден лист, А-4 формат - 2 денари,
- за електронски запис на информацијата на едно компјутерско ЦД - 21 денар, - за препис на една страница од лист, А-4 формат - 5 денари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6310/1
24 декември 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.